Министерот за култура Асаф Адеми денеска оствари работна средба со амбасадорката на Јапонија во Република Македонија, Кеико Ханеда ...



На средбата, министерот Адеми ја поздрави одлуката на Јапонија да отвори резидентна амбасада во Република Македонија што претставува дополнителна можност за зацврстување и унапредување на билатералните односи меѓу двете земји. Јапонската амбасадорка Ханеда ја истакна поддршката која Јапонија ја дава во насока на евро-атлантските аспирации на нашата земја. Таа додаде дека Јапонија, како пријател на Македонија и донатор, ќе продолжи да го помага развојот на нашата земја во различни области, вклучително и културата.

Министерот за култура Адеми на средбата изрази интерес за проширување на културната соработка со Јапонија што би се постигнало со потпишување на меѓудржавни документи, како и со поголем ангажман од двете страни преку размена на проекти и заемни презентации на културно наследство, традиција и обичаи.

На средбата беше споделена и информацијата дека на иницијатива на Јапонија, на 1 и 2 октомври 2019 година, ќе се реализира и свечено одбележување на 25-годишнината од воспоставувањето на дипломатски односи помеѓу Јапонија и Македонија. Беше договорено дека на 1 октомври следната година ќе се реализира театарски перформанс, а следниот ден ќе се одржи и работилница.

Двајцата соговорници се согласија дека и во наредниот период ќе се преземаат поголем број активности за интензивирање на односите во областа на културата, кои истовремено ќе претставуваат и потврда за силните пријателски односи помеѓу двете земји.